Врз основа на член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на Р.С.М.“ бр.32/2020) ,член 22,став 1,точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 5/02) и член 11 од Статутот на општина Конче,

Советот на општина Конче на седницата одржана на ден 28.12.2022 година донесе:

**ПРОГРАМА**
**За финансирање на изработка на урбанистички планови на општина Конче за 2023 година**

***А.*** Општина Конче секоја година има потреба од планирање и уредување на просторот во населените места во општината.

Урбанистичко планирање е континуирана работа со која се обезбедува изработување, донесување и спроведување на урбанистички планови,кој треба меѓусебно да се усогласуваат и дополнуваат.Изработувањето и донесувањето на урбанистички план е задолжително за општината,бидејки се работи за планирање од јавен интерес.Со урбанистичко планирање се обезбедува рамномерен развој,рационално уредување и користење на простор,услови за хумано живеење и работа на граѓаните.Општина Конче има потреба од солиден урбанистички третман во населените места во општината.

Урбанистичкиот план е план за уредување и користење на земјиштето на потесно подрачје,како што е град,населба,село и друго подрачје предвидено за градба.Во зависност од просторот кој е предмет на планирањето во урбанистички планови спаѓаат:Генерален урбанистички план,Детален урбанистички план,Урбанистички план за село и Урбанистички план вон населено место,урбанистички проекти.

За изработување на наведените планови Советот на општина Конче донесува годишна програма која се финансира од Буџетот на општината, заинтересираните правни и физички лица и Буџетот на РСМ.

Изработување на овие планови вршат правни лица кои поседуваат лиценца за изработка на урбанистички планови.

Приоритетни планови кои треба да се утврдат со оваа програма за 2023 година се:

1. **Изработка на Урбанистички план вон населено место (индустриска зона) на КП бр.937 КО Ракитец регионален пат Р-606 Радовиш-Конче на крстосница со локален пат Долни Липовиќ-Габревци во површина од 10 ха.**
   Носител: Совет во општина Конче.
   Финансирање:Општината,заинтересирани правни и физички лица .
   Изработувач:Правни лица со лиценца.
   **Цена: 1.200.000,00 денари**
2. **Изработка на Урбанистички проект за инфраструктура ( локални патишта, водовод, канализација ) во должина од 10 км.**
   Носител: Совет во општина Конче.
   Финансирање:Општината,заинтересирани правни и физички лица .
   Изработувач:Правни лица со лиценца.
   **Цена: 800.000,00 денари**

**Урбанистички план за вон населено место**

1) Урбанистички план за вон населено место е урбанистички план кој се донесува за групи на градби и комплекси, поголеми градби или инфраструктурни градби од локално знаечње, кои се наоѓаат вон од населеното место, односно кои не се опфатени ниту со генерален урбанистички план ниту со урбанистички план за село.
2) Урбанистички план за вон од населеното место содржи особено: граница на плански опфат која претставува граница на урбанистичкиот план за вон населено место, намена на земјиштето и градбите со општи услови за градба, развој и користење, посебни услови за градење и детална регулација доколку е потребна, планско решение на сообраќајната мрежа со нивелманско решение, планско решение за комуналните и други инфраструктури со услови на приклучување на мрежите, процентуална застапеност на површините на зеленило, како и други одбредби и податоци потребни за планските решениеја.
3) Урбанистичкиот план за вон населено место треба задолжително да содржи и мерки за заштита на природата, природното наследство и животната средина, мерки за справување со климатските промени, мерки за справување со отпад, мерки за заштита од разурнувања, мерки за заштита на недвижното културно наследство, мерки за озеленување на планскиот опфат и други мерки за безбедно остварување на целите на планирањето.

**Урбанистички проект за инфраструктура**

1) Урбанистички проект може да се изработува и за поединечни градби и инфраструктури од државно и локално значење вон населени места и вон опфат на урбанистички планови на земјоделско, шумско и друго земјиште, крајбрежни појаси и други простори. Урбанистичкиот проект се изработува врз основа на прибавени услови за планирање на просторот.

***Б.*** Изготвувањето на плановите е долгорочен процес кој зависи од многу фактори и услови,затоа е неопходна нивната опфатност да биде со програмата која секоја година би се надополнувала.Исто така без подготвување и објавување на вакви програми законски е неможно донесување,обновување на урбанистичките планови,а со тоа и рационално уредување на просторот и рамномерен просторен развој.

***В.*** Реализацијата на оваа програма ќе се остварува согласно Законот за урбанистичко планирање.

***Г***. Програмата влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во Службен гласник на општина Конче.

Број 08-1888/4
Дата 28.12.2022
Конче

Совет на општина Конче
Претседател,
Александра Ристова,